Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 17-6572/1
29 МАЈ 2018 год.
СКОПЈЕ IV

# ПРОГРАМА
## за работа на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година

Скопје, декември 2017 година

Врз основа на член 3 од Одлуката за формирање Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите(„Службен весник на Република Македонија" бр.114/17), Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите на седницата одржана на ??.12.2017 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за работа на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година**

Со оваа Програма се утврдуваат резултатите и тематските прашања кои што Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите (во натамошниот текст: ИРКСГ) ќе ги разгледува и ќе развие насоки за подобрување во 2018 година, вклучувајќи ги временската рамка и бројот на седници.

Во периодот 2018-2020, работата на ИРКСГ ќе биде насочена кон ефикасно и ефективно влијание на владините и секторските политики, преку развивање насоки за подобрувања на институционалните/организациски аспекти за воведување на родовата перспектива и насоки за одговор на предизвиците за унапредување на положбата на жените и родовата еднаквост.

Во однос на институционалните подобрувања, клучен фокус на работата на ИРКСГ ќе бидат тековните реформи на јавната администрација, вклучувајќи го и управувањето со јавните финансии со цел да се обезбеди ефикасност, ефективност и отчет во спроведувањето на законските обврски на сите субјекти за планирање и спроведување на мерки и обезбедување ресурси за унапредување на родовата еднаквост, вклучувајќи ја и потребата од реформирање на институционалната структура (родовата машинерија).

Воедно, во својата работа ИРКСГ ќе ги има предвид претстојните процеси на известување за напредокот во спроведувањето на меѓународните обврски за унапредување на правата на жените, како и процесите на пристапување кон ЕУ.
Во поглед на секторските/програмските политики, ИРКСГ ќе се фокусира на следење и влијание врз процесот на утврдување на владините приоритети за 2019 година и обезбедување родово одговорни политики со јасно формулирани специфични цели, мерливи резултати и соодветни мерки за решавање на најгорливите предизвици во одделни области во плановите и буџетите на одделните

ресори, кои се идентификувани врз основа на спроведени анализи. Во рамките на овие активности се предвидува спроведување на консултативни процеси со високи претставници од извршната власт и специфични тематски седници со учество на поширока група релевантни актери.

<table>
<tr><td colspan="4">Општа цел – Координирано дејствување преку унапредување на политиките на Владата и поединечните субјекти во извршната власт во областа на родовата еднаквост, женските права и поврзани прашања.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Исход –Институционални /организациски подобрувања за унапредување на ЕМЖМ</td></tr>
<tr><td>Излезен<br>Резултат</td><td>Тема/прашање за разгледување на седница</td><td>Број на седници</td><td>Временска рамка</td></tr>
<tr><td>Заклучоци и препораки за ефикасно планирање и следење на родовата еднаквост во владините и секторските политики</td><td>Разгледување на Програмата на Владата<br><br>Меѓусебно информирање за ресорски планови и буџети за ЕМЖМ во 2018<br><br>Утврдени клучни предизвици за внесување на РЕ во стратешко, оперативн и буџетско планирање</td><td>2</td><td>јануари, февруари, март</td></tr>
<tr><td>Заклучоци и препораки за навремено и квалитетно следење и известување за спроведување на обврските за унапредување на ЕМЖМ од страна на одговорните субјекти</td><td>Дискусија за обемот и квалитетот на информации во годишните извештаи на ОДУ и ЕЛС<br><br>Дискусија по предлог годишниот извештај на МТСП до Владата на РМ<br><br>Меѓусебно информирање за ресорски и владини приоритети</td><td>1</td><td>април</td></tr>
<tr><td colspan="4">Исход- Подобрувања на ниво на вклучување на ЕМЖМ во секторски политики</td></tr>
<tr><td>Заклучоци и препораки за планирање на програмата на</td><td>Јавна седница за информирање и идентификација на специфични секторски</td><td>2</td><td>мај, јуни</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада и ресорите за 2019 | приоритети за 2019<br><br>Дополнителни секторски јавни расправи<br>Анализа на предлози и препораки | | |
| Усогласени приоритети и потребни ресурси за 2019 | Седница со учество на премиер и МТСП | 1 | септември |
| Утврден степен на усвоени препораки | Разгледување на плановите и буџетите<br>Утврдување на содржината на годишниот извештај за работа на ИРКСГ | 1 | октомври, ноември, декември |

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

КООРДИНАТОР
Јована Тренчевска

Февруари, 2018
Скопје